**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/80

З А П И С Н И К
од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 август 2020 година

Скопје, август 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Цемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Оливера Нечовска и Снежана Наџаковска, од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и проф. д-р Мирослав Грчев, надворешен соработник-советник за просторно и урбанистичко планирање и градежништво на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- ✓ **Усвојување на Записникот од 79-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2020 година**

1. Записник од Сто и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 август 2020 година

2. Записник од Сто и десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 август 2020 година

3. Записник од Сто и единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 10 август 2020 година

4. Информација со прилози согласно Изводокот од Нацрт-записникот од Седумдесет и осмата седница на Владата, одржана на 28 јули 2020 година, во врска со работата на Работната група за справување со последиците од т.н. „Проект Скопје 2014“, доставена од координаторот на Работната група и советник за урбанизам и градежништво на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Мирослав Грчев

5. Информација за сметководствено - финансиско работење за сметката од донација „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој I фаза на спроведување" - 0400100078785Б4

6. Информација за работењето на Владиниот контакт центар за информации за економските и други поврзани мерки донесени за справување со негативните економски и социјални последици од Ковид со известување за поплаките од граѓаните и анализа на проблемите и отворените прашања

7. Информација за можноста за вклучување во процес на глобална Дијагностика на капацитети за хидрометеорологија преку Зелениот климатски фонд

8. Информација за промена на името на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел во Постојана Делегација на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел

9. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Ивана Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17, со Предлог - одлука

10. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Адиловска против Северна Македонија А.бр.42895/14

11. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17

12. Информација за начинот на користење на здравствени услуги и за надоместок на трошоците за користење на здравствени услуги во Воено медицинскиот центар и во здравствените установи во Република Северна Македонија, на припадниците на командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ (South East Europe Brigade - SEEBRIG), со Предлог – одлука

13. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на вежбовна активност, со Предлог - одлука

14. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „ COMBINED RESOLVE XIV" во Сојузна Република Германија

15. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CARPATHIAN EAGLE" во Република Романија

16. Кадровски прашања

17. Прашања и предлози

18. Информација во врска со одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Пласница

19. Информација со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 79-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2020 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 6 август 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Сто и десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 август 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Сто и десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 август 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за изменување на Протоколот за вршење на меѓународен превоз и Протоколот за вршење на меѓградски превоз од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кои се дадени во Прилог број 36 и Прилог број 37, во насока исполнетоста на возилото со патници да биде до максимум 75% од вкупниот капацитет.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и единаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 10 август 2020 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата со прилози согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јули 2020 година, во врска со работата на Работната група за справување со последиците од т.н. „Проект Скопје 2014“, доставена од координаторот на Работната група и советник за урбанизам и градежништво на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Мирослав Грчев и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави соодветно мислење, а потоа заедно со Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање и согласно содржината на оваа информација, да се подготви обединето мислење што ќе се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за сметководствено - финансиско работење за сметката од донација „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој I фаза на спроведување“ - 0400100078785Б4 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да врши материјално, сметководствено и финансиско работење на сметката од донација „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ - 0400100078785Б4.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за постапување по наоди и препораки по извршена ревизија на сметката од донација „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ - 0400100078785Б4 и воведување на интерни процедури за контролниот систем за материјално, сметководствено и финансиско работење на сметката.

**Точка 6**

Владата заклучи Информацијата за работењето на Владиниот контакт центар за информации за економските и други поврзани мерки донесени за справување со негативните економски и социјални последици од COVID-19 со известување за поплаките од граѓаните и анализа на проблемите и отворените прашања да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за вклучување во процес на глобална Дијагностика на капацитети за хидрометеорологија преку Зелениот климатски фонд и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како Национално назначен орган за комуникација со Зелениот климатски фонд, во рок од 3 дена по усвојување на Информацијата, да го извести Зелениот климатски фонд дека ја прифаќа иницијативата за вклучување на државата во процесот на глобална Дијагностика на капацитети за хидрометеорологија, за која намена ќе се искористат средства во висина од 30.000 американски долари обезбедени преку грант средства од Програмата за подготвителност на Зелениот климатски фонд.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на името на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел во Постојана Делегација на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи потребните средства за реализацијата на сите понатамошни активности кои треба да се спроведат согласно направената промена, да се обезбедат во рамките на Буџетот на Министерството за надворешни работи за 2020 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права во случајот Ивана Андреевски против Република Северна Македонија, А.бр. 45672/17, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средствата да бидат исплатени најдоцна до 30 септември 2020 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Адиловска против Северна Македонија А.бр.42895/14.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за

пријателско решавање на предметот Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантите Деспот Антовски, Душко Антовски, Данијела Таневска, Небојша Таневски, во случајот Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17 ќе им исплати на четворицата апликанти износ од вкупно 3.600 EUR (три илјади и шестотини евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Антовски и други против Република Северна Македонија, А.бр. 68160/17 да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата  за начинот на користење на здравствени услуги и за надоместок на трошоците за користење на здравствени услуги во Воено медицинскиот центар и во здравствените установи во Република Северна Македонија, на припадниците на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа-СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE - SEEBRIG), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за начинот на користење на здравствени услуги и надоместок на трошоци за користење на здравствени услуги во Воено медицинскиот центар и во здравствени установи во Република Северна Македонија на припадниците на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE - SEEBRIG).

2. Се задолжуваат Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија,  да преземат мерки и активности од делокругот на својата надлежност, заради овозможување на непречено користење на здравствени услуги и за надоместокот на трошоците за користење на здравствени услуги за припадниците на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа- СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE - SEEBRIG), во здравствените установи во Република Северна Македонија со кои Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија има склучено договори за давање на здравствени услуги.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба, со Предлог – одлука (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи - Гранична полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за транспорт и врски а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, Агенција за цивилно воздухопловство и Национален координативен центар за гранично управување, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница, движењето и транспортот на припадниците и материјалните средства, опрема, вооружувањето и муницијата на вооружените сили на земјите учеснички на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи - Гранична полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за транспорт и врски а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, Агенција за цивилно воздухопловство и Национален координативен центар за гранично управување, да одредат по 1 (едно) лице, во периодот од 19 август до 25 септември 2020 година, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија за координација на активностите во врска со вежбата, а за истото да го известат Министерството за одбрана најдоцна до 16 август 2020 година.

## Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „COMBINED RESOLVE XIV" во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „CARPATHIAN EAGLE" во Република Романија, во предложениот текст.

## Точка 16

1. Владата на Павле Трајанов му утврди престанок на функцијата Национален координатор за имплементација на национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија, поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата на Дарко Каевски му утврди престанок на функцијата директор на Агенцијата за млади и спорт, поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

1. Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје во студиската учебна година 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

2. Владата го разгледа и не го прифати предлогот доставен од Министерството за финансии за бришење на Заклучокот донесен на Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 5 август 2020 година по точка 29 со кој Министерството за финансии е задолжено во рок од 15 дена да ја информира Владата на Република Северна Македонија за гарантната шема што во моментов се спроведува помеѓу Про Кредит банка АД Скопје и Европската комисија.

3. Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите во врска со одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија од 2 јули 2020 година, заклучно со 31 јули 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Пласница, со Предлог - одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Пласница, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата го задолжи Министерството за образование и наука, уште во текот на денешниот ден да го достави овој текст на Информацијата со Планот и протоколите за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и до други надлежни институции, со цел Комисијата, во текот на утрешниот ден, до Владата на Република Северна Македонија да предложи конечен став од аспект на делокругот на нивната надлежност кој потоа повторно да биде разгледан на наредната седница.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |

Подготвил: Љупчо Петковски
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Согласен:Дејан Јакимовски
Одобрил:Митра Спасовска